ООУ„Браќа Миладиновци"
Куманово

ООУ„Браќа Миладиновци" –Куманово ул:Народна Револуција бр.43,1300 Куманово тел/факс 031 424 281;031 437 686
e-mail: brakamiladinovci_ku@yahoo.com web-страна
www.oubm.edu.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 09-301/3
25.09 2025 год.
КУМАНОВО

# ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ ДВОДНЕВНА НАУЧНО – НАСТАВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ НИЗ ИСТОЧНИТЕ ПРЕДЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ООУ„Браќа Миладиновци" - Куманово,** планира да изведе дводневна екскурзија во месец **април/мај 2026 година** со учениците од VI (шесто) одделение, со маршута: Куманово-Кратово-Пробиштип-Берово-Струмица-Дојран-Кавадарци-Велес-Куманово.

**ЦЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА: ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ И НА ЕКСКУРЗИЈАТА**:

- Продлабочување и проширување на знаењата стекнати на часовите.
- Поттикнување интерес за историја, географија, култура и уметност.
- Развивање љубов кон природата и грижа за животната средина.
- Поттикнување на самостојност и одговорност кај учениците.
- Зајакнување на другарството, тимската работа и меѓусебната соработка.
- Развивање култура на однесување во јавен простор и културни институции.
- Збогатување на воспитно-образовниот процес преку практично доживување.
- Поттикнување креативност и љубопитност кај учениците.

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ**

**ЦЕЛНА ГРУПА:** Ученици од VI одделение.
**Број на паралелки:** 6
**Број на ученици:** 150
**Број на наставници:** 6

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Драган Стефановски | Одделенски раководител на VI-1 | |
| 2. | Катерина Саздевска Станковска | Одделенски раководител на VI-2 | К. Станковска |
| 3. | Дафина Јосимовска | Одделенски раководител на VI-3 | |
| 4. | Ана Гиевска | Одделенски раководител на VI-4 | |
| 5. | Ивана Димковски | Одделенски раководител на VI-5 | |
| 6. | Анита Милановска | Одделенски раководител на VI-6 | А. Милановска |

ООУ„Браќа Миладиновци"
Куманово

ООУ„Браќа Миладиновци" –Куманово ул:Народна Револуција бр.43,1300 Куманово тел/факс 031 424 281;031 437 686 e-mail: brakamiladinovci_ku@yahoo.com web-страна www.oubm.edu.mk

## СОДРЖИНИ- ТЕМИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ

### Италијански јазик

- Културна размена: посета на места со влијание од италијанската култура (архитектура, уметност, гастрономија).
- Вежбање вокабулар за патување (хотели, ресторани, музеи).
- Превод на туристички текстови или информативни табли.

Ментор Драган Стефановски

### Англиски јазик

- Комуникација со туристички водичи или странски посетители.
- Вежбање вокабулар поврзан со историја, архитектура, природа.
- Опишување на местата и настаните на англиски јазик.
- Изработка на кратки презентации на англиски за местото што се посетува.

Ментор Катерина Станковска –Саздевска и Ана Гиевска

### Историја

- Посета на споменици, археолошки локалитети, музеи, културни институции.
- Проучување на историски личности поврзани со регионот.
- Разгледување на архитектонски стилови и нивниот историски контекст.
- Анализа на локални настани и нивната улога во поширокиот историски развој.

Ментор Анита Милановска

### Математика

- Практична примена: мерење на растојанија, пресметување време на патување.
- Пресметки поврзани со географија (надморска височина, температури, координати).
- Статистички податоци (број на жители, густина на население, туристички бројки).
- Геометриски форми во архитектурата и уметничките дела.

Ментор Дафина Јосимовска

ООУ„Браќа Миладиновци"
Куманово

ООУ„Браќа Миладиновци" –Куманово ул:Народна Револуција бр.43,1300 Куманово тел/факс 031 424 281;031 437 686 e-mail: brakamiladinovci_ku@yahoo.com web-страна www.oubm.edu.mk

**Следење на реализацијата:**

По реализирањето на екскурзијата тимот дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се станува составен дел на Годишниот извештај за работа на училиштето. Во извештајот се дава оценка за реализацијата и квалитетот на услугите. Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет, Советот на родители, а го усвојува Училишниот одбор.

Доколку се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

## ПРОГРАМА
## ЗА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА
## низ источните предели на РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Локации за посета и правци на патување:** Куманово- Кратово- Пробиштип-Берово-Струмица-Дојран-Кавадарци-Велес-Куманово
**Време на изведување**: април/мај 2026 година
**Место на поаѓање**: паркинг пред Градскиот базен - Куманово
**Време на поаѓање** 7:00 часот. Учениците да бидат на местото на поаѓање во 6:45 часот.

**I ден**

Поаѓање од Куманово во 07:00 часот пред Градскиот базен. Патувањето продолжува преку Кратово со разгледување на градот со локален туристички водич и кратка пауза за појадок. Потоа се продолжува кон Пробиштип и посета на манастир Гаврил Лесновски-с.Лесново (по можност, согласно временска рамка). Во Берово се организира ручек и се разгледуваат природните убавини на овој крај - Беровско Езеро. Патувањето продолжува кон Струмица. Во Струмица се посетуваат манастирот „Св. Леонтиј“ - с. Водоча . Разгледување на градот. Сместување во хотелот. Вечера со организирана мала забава за учениците. Ноќевање.

**II ден**

Појадок. По појадокот предвидена посета на Дојранското Езеро. Слободно време за прошетка и организиран ручек во хотелот. По ручекот заминување преку Валандовската рамнина за Кавадарци. На враќање за Куманово се патува преку Велес, се посетува археолошкиот локалитет Стоби. Пристигнување во Куманово до 21:00 часот.

ООУ„Браќа Миладиновци"
Куманово

ООУ„Браќа Миладиновци" –Куманово ул:Народна Револуција бр.43,1300 Куманово тел/факс 031 424 281;031 437 686 e-mail: brakamiladinovci_ku@yahoo.com web-страна www.oubm.edu.mk

**Техничка организација:**

Училиштето ,,Браќа Миладиновци " – Куманово спроведува постапка со барање за прибирање понуди за организирање на дводневна ескурзија, со објавување јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од петмина членови и тоа тројца од редовите на Советот на родители и двајца членови од редот на наставниците.

Превозот ќе биде со меѓу градски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси, со придружба на водич и лекар.

Ученици со посебни потреби се придружувани од личен асистент или од родител.

**Начин на финансирање:**

Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на уплатница на жиро-сметка на агенцијата.

22. 09. 2025 год.
Куманово

Раководител:
Катерина Станковска-Саздевска

Членови:
Драган Стефановски
Дафина Јосимовска
Ана Гиевска
Ивана Димковски
Анита Милановска

Директор:
Јасминка Спасовска